РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1648/7
24-07-2023 г./v.

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 89-та седница, продолжение одржано на 20.07.2023 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1648/1 од 17.03.2023 година, оформен по пријава од познат подносител, против службени лица во Агенција за катастар на недвижности на РСМ, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и прибавените документи кои се поврзани со фактичката состојба во предметниот случај, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај во тек се води постапка пред надлежни институции.

Предметот со број 12-1648/1 од 17.03.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 17.03.2023 година, поднесена е пријава против службени лица во Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ и оформен е предмет број 12-1648/1 од 17.03.2023 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за несовесно работење на службени лица во Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ.

Во пријавата подносителот наведува дека по поднесена пријава за промена на податоците во катастарот на недвижности од "------------" ДООЕЛ Скопје, за недвижен имот на ул. "------------------, 1000 Скопје-Бутел,РСМ, запишан во ИЛ бр.-------------- КО Чаир и за недвижен имот евидентиран во Имотен лист број -------- за КО Сингилиќ 1, било извршено на начин така што правото на сопственост на предметниот имот било запишано на 03.02.2023 година. Меѓутоа, Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ на 07.02.2023 година, по службена должност, ја вратило промената во катастарот на недвижности во претходната состојба при тоа не го известила подносителот за ова промена. Наводно, повторно како носител на правото на сопственост во имотниот лист на предметниот недвижен имот е запишан АД -------- Скопје- во стечај, субјект што е избришан од трговскиот регистар при Централниот регистар на РСМ на 18.06.2020 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Агенција за катастар на недвижности. Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и Агенцијата за катастар на недвижности известува дека до Секторот за контрола и надзор при АКН од страна на ТДПП "---------------" ДООЕЛ Скопје поднесувани се повеќе претставки, по кои е одговорено со Известување УПП бр.---------------------------- од 01.08.2022 година, Известување УПП бр.------------- од 01.12.2022 година, Известување УПП бр.----------- од 23.02.2023 година и Известување УПП бр.------------ од 05.04.2023 година.

Истотака, известуваат дека во врска со горенаведеното поднесена е кривична пријава од "----------- ДООЕЛ Скопје заведен е предмет под бр.V КО бр------/2023 од 11.04.2023 година пред ОЈО Скопје, како и предмет пред МВР Скопје заведен со ------------------- од 05.04.2023 година по кој АКН Скопје има доставено податоци и документација.

Врз основа на наведеното, ДКСК утврди дека по пријавените наводи во тек се постапки пред други надлежни органи или пак веќе постапиле други надлежни органи по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: -----------
Одобрил: -----------

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk